# Приказ на случај

Проф.д-р Ненси Манушева

психијатар, субспецијалист по судска психијатрија

# Наредба

Основно јавно обвинителство Гостивар во тек на истражна постапка во кривичен предмет кој е оформен против осомничениот @ поради основано сомнение дека сторил кривично дело УБИСТВО од  чл.123 ст.2 т.1 и 2 од КЗ, донесува НАРЕДБА за вештачење со цел:

- 1. Да се утврди дали осомничениот @ во време на извршување на кривичното дело бил пресметлив, односно дали бил способен да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки, односно дали поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој или други особено тешки душевни пречки не можел да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки.
  - Ако вештите лица установат дека душевната состојба на осомничениот е растроена, да ја определат природата, видот, степенот и трајноста на растроеноста, и да дадат свое мислење за тоа какво влијание имала таквата душевна состојба и какво сеуште има врз сфаќањето и постапките на осомничениот, како и дали и во колкава мера постоело растројство на душевната состојба во време на извршување на кривичното дело.

# Вештачење

- Тим од психијатар, невропсихијатар и клинички  психолог
- На увид доставени судски списи
- Направена психијатриско-психолошка егзамаминација на осомничениот

# Од судските списи

На вештите лица им беа доставени следните докази:

1. **Кривична пријава од** МВР ПС Гостивар.
2. **Записник за извршен увид на лице место** од МВР ПС Гостивар.
3. **Службена белешка** од МВР ПС Гостивар
4. **Потврда од казнена евиденција** на име на осомничениот од Основен суд Гостивар.
5. **Записник за испитување на осомничен** од ОЈО Гостивар.

# Кривична пријава

- **На ден ------- година околу 23,00 во семејната куќа сопственост на сторителот поради голема нервоза која ја имал поради тоа што неговата сопруга** (оштетената) него никогаш за ништо не го слушала, често пати истата му давала апчиња за да спие, и од истите апчиња на сабајле се тресел, а исто така и мислел дека истата имала љубовник, истиот решил неа да ја убие, бидејќи истиот ден со неа предходно имал расправија. ...
- Потоа влегол внатре во дневната соба со секирата во раце, тука се наоѓала неговата сопруга (оштетената) седната на гарнитурата во дневната соба и **тој со секирата која ја имал земено ја удрил со неколку удари со сечилото во пределот на главата. Потоа го зел ножот кој бил во кујната со портокалова дршка и нанел неколку убоди во делот на стомакот**. Потоа одкако ја убил излегол од куќата и со велосипед се упатил во правец на ------- и кај јазот го фрлил велосипедот во реката и потоа пешки се упатил во правец на ----. Со него имал земено и едно јаже. ...

# Записник за увид

- При тоа лишувањето од живот го извршил на тој **начин што со употреба на ножот истиот ја прободел со неколку убоди во делот на стомакот, а потоа со секира задал неколку удари во делот на главата**. Потоа сторителот се упатил во непознат правец. Со стореното дело сторителот не се стекнал со противправна имотна корист и дополнително не била предизвикана материјална штета
- Бил земен примерок од крв и урина за алкохол после два дена од настанот

# Службена белешка – од осомничениот

- На ден ... година околу 23,00 во семејната куќа во моја сопственост **поради голема нервоза која ја имав** поради тоа што мојата сопруга мене никогаш за ништо не ме слушаше, често пати **истата ми давала апчиња за да спијам** и од истите апчиња на сабајле сум се тресел, а исто така и **мислам дека истата имаше друг љубовник јас решив неа да ја убијам**, бидејќи и истиот ден со неа предходно и имавме расправија (кавга). Во тој временски период јас бев во другата куќа, како летна кујна го зедов клучот од влезната врата од куќата, бидејќи мислев дека истата се има заклучено. Исто така зедов и еден токмак кој го зедов со цел да ја искршам вратата ако истата е заклучена и исто така зедов и една секира. Одкако го ставив клучот на влезната врата и забележав дека истата не е заклучена, ја отворив вратата и го оставив токмакот испред влезната врата. Потоа влегов внатре во дневната соба со секирата во раце, каде се наоѓаше мојата сопруга седната на гарнитурата во дневната соба и јас со секирата која ја имав земено со мене ја удрив со неколку удари со сечилото во пределот на главата. Потоа го зедов ножот кој беше во кујната со портокалова дршка и нанесов неколку убоди во делот на стомакот. Потоа одкако ја убив излегов од куќата со велосипед во правец на ----- и кај јазот го фрлив велосипедот во реката и потоа пешки се упатив во правец на -------. Со мене имав земено и едно јаже и денеска одкако ми се јави мојот син кој работи во Германија и ми рече да излезам за да се видиме, бидејќи јас се наоѓав во шумата изнад селото ----- , тогаш јас слегов на патот и полицијата ме фати и ме донесоа во ПС-Гостивар. Друго во моментот немам што да кажам на наведените околности.

## Потврда од казнена евиденција за осомничениот

- **Условна осуда 2 год. условена казна: 5 години, чл.396 ст 1 од КЗ** (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи)

## Записник за испитување на осомничен

- Од ОЈО Гостивар дознаваме дека осомничениот (67годишен) е пензионер со завршено основно образование, средно имотен, досега неосудуван и не издржувал казна, не се води постапка за друго кривично дело, и ГО КОРИСТЕЛ ПРАВОТО НА ОДБРАНА СО МОЛЧЕЊЕ.

# Медицинска документација

- Во судските списи не беа доставени медицински белешки ниту такви податоци или документи беа донесени за време на прегледот

# АКТУЕЛНА ПСИХИЈАТРИСКО-ПСИХОЛОШКА ЕГЗАМИНАЦИЈА

- **Витална анамнеза**: Има завршено основно училиште само до 4-то одд. Не се добија податоци за служење на воен рок, изјави дека е женет и дека има 5 деца. Се занимава со сточарство - чувал две крави и ги молзел и го продавал млекото - добивал околу 20л/ден а ги продавал по 30 ден. Изјави дека во денот заработувал до 1000 денари. Не се добиваат податоци за употреба на алкохол и ПАС.
- **Минати заболувања**: се добиваат податоци дека има шеќер, но не дава податоци од кога.
- **Фамилијарна анамнеза**: не се добиваат податоци
- **Фармаколошка анамнеза**: според податоци од пациентот во притвор прима лекови за смирување, за спиење, за шеќер, за покачен крвен притисок и за простата, но не беше доставена медицинска документација за истото.

# Анамнеза за делото

„Сум ја удрил жената, сум ја заклал. Она ме навреди, ме посрамоти пред луѓе 10 години, има љубовник. Стално ме заеб... за тоа, за да дојдам дома од Италија ...Со пријатели од селото ми ставаше апчиња за спиење и ми кажаа кои се тие ... Ова е знак дека ми става апчиња - ми ставаше во кафе, во вода. Не можев главата да ја дигнам. Не јадев и не пиев со неа, а таа вели не. Има таа брат кој е во Италија… Потоа са самиот настан вели: „Беше навечер, скоро за спиење имам две ќерки - оженети, инаку живеам сам со жената. Она збореше со ќерките од надвор, ја чув што зборри, како ќе се делиме, каде ќе одам јас, да ја земе куќата, ќе одам во адвокат на суд... многу проблеми имам ... Јас сум имал една секира во десна рака отидов до дрвата и ја земав. **Сум и рекол нема спас више и ја удрив два пати со секира со остриот дел** жената го држеше во мобилен десно **и падна кога ја удрив и побегнав во село..... за да се бесам** - за да умрам кај моите родители ... Ми се јави еден син на мобилен и ми збореше долго, а јас му реков дека ќе го чекам. На нивите пред да стигнеш **цел ноќ идев пешки кон селото**, ми дојде син со полиција и ме фатија... **Долго време се сомневав во жена**... 10 години сум видел, иако претходно сум работел во Италија па не сум бил сигурен„

# Статус при прегледот

**Сомато-невролошки статус:** уреден наод

**Психички статус:** Невпечатлив по неговиот надворешен изглед, психомоторно делува напнато поради ситуацијата на егзаминација, има позитивен и активен однос кон проценката. Вербален контакт уредно се воспоставува и води во саканиот правец. Свесен и уредно ориентиран во сите правци, вербализацијата е адекватна и текот на разговорот се одвива без потешкотии. Расположението е иритабилно, преплавено со анксиозност и особено е напнат кога зборува за неговиот однос кон сега покојната негова сопруга. Волево-нагонските динамизми не трпат квантитативни ниту квалитативни промени. Мислењето е оскудно по форма, говорот соодветен на возраста, интелектуалните капацитети и наобразбата. Во содржината на мисловниот процес се следат идеи на патолошка љубомора и параноидни идеи (таа ми ставаше апчиња за спиење). Параноидниот однос кон сопругата одел до таму што тој не јадел и не пиел ако е подготвено од неа. Интелектуалните капацитети клинички проценети се во рамки на просечното.

# Статус при преглед -продолжува

- Во однос на мнестичките функции не се регистрираат промени и не постои амнезија за кривично-правниот настан. Се следи уредна хронологија во описот на настанот, тоа што претходело на истиот, како посегнал по секирата и што се случило со сега починатата кога тој го задал ударот. Не се добиваат податоци за перцептивни измами, како и деперсонализациони и дереализациони феномени и истите не се присутни во тек на егзаминацијата.

# Психолошки наод - заклучок

Осомничениот е лице со нормални, просечни интелектуални капацитети, јасно е дека имал солидни адаптациски снаги кои му овозможувале прилагодување во странска средина како и делумно усвојување на странскиот јазик. Околу цртите на личност при актуелната егзаминација може да се потврди лице со примитивни особености, без особена културелно-едукативна надградба, главно со скромна функционалност во опсег на сточарски-работнички активности.

Актуелниот статус содржи обележја на патолошки особености, параноидно-интерпретативни доживувања, импулсивни и агресивни испади.

# Мислење

- **Динамика на кривично-правниот настан** -бил воден од психопатолошки мотив – патолошка љубомора која е делузивна идеја и нема корекција освен со психофармаколошки третман (антипсихотици). Истата според автоанамнестичките податоци постоела повеќе години наназад, но наводно осомничениот тогаш работел во Италија и не мислел толку на тоа, **но тоа било причина да се врати назад во Македонија**. Тука го измачувале тие делузивни идеи и биле пратени со параноидни идеи (дека сопругата – сега покојната го труела, му ставала некои апчиња, кои тој ги чувствувал по тоа што наутро му било тешко) и постојана била делузивната идеја на љубомора дека таа сигурно има некој љубовник. Според неговото кажување (за жал не ни се доставени хетероподатоци од ќерките или синот) дали се жалела на неговото однесување нивната мајка (сега покојната) и дали можеби тоа било причина да побара таа развод (како што изјави осомничениот). Во критичниот момент тој како што самиот опишал во силно изразена нервоза земал секира и ја удрил со остриот дел на сечивото во главата, и тоа во предел кај увото па изјави дека мобилниот со кој разговарала и испаднал од раката (но тој не е најден на местото на кривично-правниот настан, туку протеза). Она за кое тој не даде исказ беше во однос на убодите на телото на сега покојната во предел на стомакот за кои од обдукциониот наод треба да се констатира дали биле пред ударите со секирата или потоа. Дека тој се наоѓал во изразена растроеност сведочи и податокот дека после настанот одел цела ноќ пешки до местото каде го привеле, притоа со себе носел јаже за да се обеси и да почине кај своите родители (тоа наводно било нивно место).

# ЗАКЛУЧОК

1. Осомничениот е лице со просечни интелектуални капацитети и сочувана когниција и не е лице со заостанат душевен развој.
2. Осомничениот боледува од перзистентно налудничаво растројство.
3. Во време на кривично-правниот настан осомничениот воден од психопатолошки мотив, не бил способен да го сфати значењето на своето дело и да управува со своите постапки поради постоење на трајна душевна болест (F22 според МКБ-10).
4. Вештите лица предлагаат да се изрече мерка на Задолжително лекување и чување во психијатриска установа.